ЈКП „КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 04-707/1
25.04.2025 год.
ПРИЛЕП со Ц.О.

Врз основа на 45 од Законот за Административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16,11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија " број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22, 208/24), Директорот на ЈКП„Комуналец" –Прилеп, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За неизбор на кандидат по јавен оглас

**1.**Во врска со објавениот оглас за вработување на административни службеници бр.77/2025 објавен на 27.03.2025 година во дневните весници Слободен печат, Вечер, Коха како и на веб –страницата на Агенцијата за администрација за работно место КДР 01 02 Б04 011- Раководител на одделение за јавни набавки, не се врши избор поради немање на ниту еден уреден кандидат којшто ги поминал сите три фази на слекција т.е бидејќи нема кандидат што се квалификува за вработување.

**2.**Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**3.**Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По барање на ЈКП ,,Комуналец" Прилеп, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.77/2025 година во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха на ден 27.03.2025 година, за вработување на еден извршител за работно место КДР 01 02 Б04 011- Раководител на одделение за јавни набавки.

Со Решение бр.10-586/3 од 03.04.2025 година, од страна на Директорот на Агенцијата за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за вработување по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на ден 11.04.2025 година со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за оглас 77/2025 година, при што утврди дека за работното место број 1 се пријавиле вкупно 5 (пет) кандидати, од кои што 0 се уредни и 5 неуредни кандидати, по што во втора фаза не продолжил ниту еден пријавен кандидат, т.е пријавените кандидати се неуредни.

Комисијата со Записник од извршена административна селекција за административен службеник, заведен под број 10-586/4 од 11.04.2025 година, а примен кај нас со наш бр.03-676/1 од 22.04.2025 година, констатира дека за горенаведеното работно место нема ниту еден уреден кандидат.

Врз основа на тоа, а согласно чл.45 од Законот за административните службениици, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈКП„Комуналец"-Прилеп

Директор Рубинчо Абрашоски

Доставено до:

-Агенција за админстрација

-Архива